ADING

# ИНЈЕКТИНГ-К2

*Адитив за цементни инјекциони смеси, смеси за инјектирање на кабли за преднапрегање и смеси за залевање и репарација*

## Област на примена:

Се употребува како адитив за припремање на цементни инјекциони смеси наменети за инјектирање на кабли кај преднапрегнати носачи, како и за инјектирање или залевање на пукнатини во бетонски елементи и др.

## Својства:

- Овозможува редукција на водата за припремање на цементните инјекциони смеси;
- Овозможува постигнување на висока флуидност на инјекционата смеса при низок W/C-фактор (W/C<0,45);
- Во зависност од применетата дозажа, го намалува / компензира собирањето на цементната инјекциона смеса или предизвикува блага експанзија;
- Ги зголемува јакосните карактеристики на стврднатата инјекциона смеса;
- Ја зголемува отпорноста на мраз и соли на инјекционата смеса;

## Технички карактеристики:

| Својства: | Декларирана вредност |
|---|---|
| Изглед | Сива прашкаста маса |
| Содржина на хлориди | Не содржи |

## Методологија на работа и дозирање:

Во зависност од бараните перформанси, ИНЈЕКТИНГ-К2 се дозира од 0,2 до 1,0 % од масата на цементот.
ИНЈЕКТИНГ-К2 се додава во сувата цементна мешавина. Со постојано мешање се додава вода до постигнување на бараната конзистенција. Притоа се контролира количината на вода со цел да не се надмине проектираниот W/C-фактор. Мешањето се врши машински, до добивање на хомогена смеса, но не подолго од 5 минути.
Пред да се внесе инјекционата смеса во инјекторот, истата мора да помине низ сито. Целиот процес на мешање и вградување на инјекционата смеса нетреба да трае подолго од 30 минути.
Пред секоја употреба неопходно е да се извршат претходни испитувања заради утврдување на компатибилноста на адитивот со употребениот вид на цемент, како и заради подесување на точната дозажа на адитивот со која ќе бидат исполнети бараните услови на квалитет на инјекционата смеса.

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во вреќи од 15 kg.

## Складирање:

Во оригинална амбалажа, во суви простории, на температура од +5˚C до +35˚C и заштитен од директна изложеност на сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ

**Опасност по здравјето:** Потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да дојде до вдишување на материјалот. Во случај на контакт на кожата потребно е да се измие со вода и сапун. Во случај на контакт со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода, како и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
**Пожар:** Инјектинг-К2 е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
**Чистење и депонирање:** Чистењето се врши со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.

ADING
Новоселски пат (ул.1409) бр.11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk